**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО

**IV ГОДИНА**

## ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА

***Техничар за фармерско производство***

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: техничар за фармерско производство

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 3 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 99 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***сточарско производство*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ги разликува расите и категориите кај поважните стопански животни;
- да ги разликува производните карактеристики според нивната конституција и надворешен изглед на животните;
- да ги определува оптималните надворешни услови за одгледување на високопродуктивни животни;
- да ја познава хранителната вредност на крмивата;
- да ги познава новите технологии за одгледување на стопанските животни;
- да ја сфаќа потребата за планирање на матично стадо;
- да ги планира годишните потреби од храна;
- да го сфаќа значењето на здравата храна во исхраната на луѓето;
- да ги познава основните аспекти на органското сточарско производство;
- да ги согледа можностите за развој на сточарството во нашата земја и можностите за самовработување;
- да развива позитивен однос кон животните.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставните содржини, односно за постигнување на поставените цели по предметот ***сточарско производство*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: сточарско производство и земјоделска техника од III година, анатомија со физиологија на домашните животни од II година и основи на земјоделие со ветеринарство и хигиена и здравствено воспитание од I година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

**Структуирање на содржините за учење**

| **Тематски целини** | **Бр. на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **1. КОЊАРСТВО** | **6** | ***Ученикот:***<br>- да го сфаќа стопанското значење на коњарството;<br>- да ги идентификува најважните раси на коњи;<br>- да ги познава производните особини на поважните раси на коњи;<br>- да одредува исхрана за различни категории на коњи. | - Користење на видео-записи и слики;<br>- организирање посета на хиподром. | - Практична настава |
| **2. ГОВЕДАРСТВО** | **21** | - Да го сфаќа стопанското значење на говедарството;<br>- да ги препознава основните системи на одгледување на говедата;<br>- да ги класифицира расите според производниот тип;<br>- да ги разликува најважните раси говеда;<br>- да ги познава производните особини на поважните раси говеда;<br>- да ги познава основните елементи на менаџирање на краварска фарма;<br>- да го објаснува процесот на добивање | - Користење на видео-записи и слики;<br>- организирање посета на краварска фарма;<br>- организирање вежби во краварска фарма. | - Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на млекото;<br>- да ја истакнува потребата од добивање на хигиенски чисто млеко;<br>- да ја објаснува технологијата на производство на говедско месо;<br>- да ги познава карактеристиките на исхраната на говедата;<br>- да ги познава крмивата за исхрана на говедата;<br>- да одредува исхрана за различни категории на говеда (молзни крави, пресушени крави, телиња, јуници, јунци за тов, бикови);<br>- да ги познава основните аспекти на органското сточарско производство кај говедата;<br>- да одредува соодветно сместување за одделни категории на говеда. | | |
| **3. РИБАРСТВО** | **9** | - Да го сфаќа стопанското значење на рибарството;<br>- да ги познава рибите од поголемо стопанско значење за Македонија;<br>- да ги разликува основните анатомски карактеристики на рибите;<br>- да ги познава карактеристиките при размножување на рибите;<br>- да ја објаснува технологијата на одгледување на рибите во рибници (топловодни и ладноводни); | - Користење на видео-записи и слики;<br>- организирање посета на рибник. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги познава основните хранива што се употребуваат во исхраната на рибите;<br>- да одредува исхрана на различни видови и категории на риби. | | |
| **4. СВИЊАРСТВО** | **15** | - Да го сфаќа стпопанското значење на свињарството;<br>- да ги класифицира расите според производниот тип;<br>- да ги идентификува расите на свињи;<br>- да ги познава производните особини на поважните раси на свињи;<br>- да ги разликува начините на размножување на свињите;<br>- да избира соодветен метод на одгледување на свињите;<br>- да ги разликува категориите на свињи за колење;<br>- да го разбира однесувањето на свињите во природни услови;<br>- да ги познава основните аспекти на органското сточарско производство кај свињите;<br>- да ги опишува карактеристиките во исхраната на свињите;<br>- да ги познава крмивата што се употребуваат во исхраната на свињите;<br>- да одредува исхрана на различни категории на свињи (спрасни маторици, прасиња, нерези, назимки, свињи за | - Користење на видео-записи и слики;<br>- организирање посета на свињарска фарма;<br>- организирање посета на ветеринарна станица. | - Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | гоење);<br>- да одредува соодветно сместување за одделни категории на свињи. | | |
| **5.КУНИКУЛАРСТВО** | **9** | - Да го сфаќа стопанското значење на куникуларството;<br>- да ги познава поважните раси на куникули;<br>- да ги познава производните особини на поважните раси на куникули;<br>- да ги познава карактеристиките при размножувањето на куникулите;<br>- да ги знае основните карактеристики во исхраната на куникулите;<br>- да ги познава крмивата што се употребуваат како храна за куникулите;<br>- да одредува исхрана на различни категории на куникули;<br>- да ги разликува условите за сместување на одделни категории на куникули. | - Користење на видео-записи и слики;<br>- организирање посета на куникуларска фарма. | - Практична настава |
| **6. ОВЧАРСТВО И КОЗАРСТВО** | **15** | - Да го сфаќа стопанското значење на овчарството и козарството;<br>- да ги класифицира расите на овци и кози според производниот тип;<br>- да ги идентификува најпознатите раси на овци и кози;<br>- да ги познава основните карактеристики на поважните раси на овци и кози; | - Користење на видео-записи и слики;<br>- организирање посета на овчарска и козарска фарма, молзилиште и млекарница. | - Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги познава карактеристиките при размножувањето на овците и козите;<br>- да го објаснува процесот на добивање на основните продукти од овците и козите (млеко, месо, волна);<br>- да го разбира однесувањето на овците во природни услови;<br>- да ги познава основните аспекти на органското сточарско производство кај овците;<br>- да ги опишува карактеристиките во исхраната на овците и козите;<br>- да ги познава крмивата што се употребуваат како храна за овците и козите;<br>- да разликува исхрана на различни категории на овци и кози (молзни овци, јагниња, овни, гојни јагниња);<br>- да ги објаснува условите за сместување на одделни категории на овци и кози. | | |
| **7. ЖИВИНАРСТВО** | **15** | - Да го сфаќа стопанското значење на живинарството;<br>- да ги класифицира расите на живина (кокошки, гуски, патки, мисирки и ноеви) според производниот тип;<br>- да ги идентификува најпознатите раси на живина;<br>- да ги познава карактеристиките на поважните раси на живина; | - Користење на видео-записи и слики;<br>- организирање посета на живинарски фарми. | - Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ја објаснува технологијата на инкубација на јајца;<br>- да ги разликува инкубаторите за јајца;<br>- да ја објаснува технологијата за одгледување на живина за месо;<br>- да ја објаснува технологијата за одгледување на јарки (подмладок);<br>- да ја објаснува технологијата за одгледување на кокошки несилки;<br>- да ги познава основните аспекти на органското производство кај живината;<br>- да ги познава карактеристиките во исхраната на живината;<br>- да ги познава крмивата што се употребуваат како храна за живината;<br>- да одредува исхрана на различни категории на живина (бројлери, јарки, несилки). | | |
| **8. ПЧЕЛАРСТВО** | **9** | - Да го сфаќа стопанаското значење на пчеларството;<br>- да ги разликува основните продукти од пчелите;<br>- да ја објаснува организацијата на пчелното семејство;<br>- да ги препознава основните анатомски карактеристики на пчелите;<br>- да ги познава основните карактеристики при размножувањето на пчелите; | - Користење на видео-записи и слики;<br>- организирање посета на пчеларник;<br>- организирање вежби во пчеларник. | - Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги разликува видовите на кошници за сместување на пчелите;<br>- да го препознава основниот помошен прибор во пчеларството;<br>- да ги познава карактеристките при исханата на пчелите;<br>- да ги познава растенијата што ги користат пчелите како храна;<br>- да ги познава најчестите болести и штетници на пчелите. | | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Програмските содржини по предметот ***сточарско производство*** имаат теоретско-стручен карактер, но имаат и практично значење, поради што почесто треба да се реализираат преку демонстрации и вежби на практични операции и работни задачи. Поради тоа во наставниот процес е потребна примена на разновидни наставни методи. Така, покрај фронталните предавања потребно е почеста работа со учениците во групи, парови и индивидуално. Освен тоа, треба да се применуваат разновидни наставни методи, односно постапки: покажување, објаснување, опишување, предавање, дискусија, пребарување на Интернет, практична работа на учениците и сл.

Со успешната примена на наставните форми и методи треба да се обезбеди оптимално активно учество на учениците, поточно тие да прибележуваат, вежбаат, стекнатите знаења да ги применуваат во практиката, да ги следат и читаат новите достигнувања во светот од оваа област, да изработуваат домашни задачи и самостојно да се образуваат.

Во наставниот процес наставникот ја планира, организира и реализира својата воспитно-образовна работа, а преку усни излагања, објаснувања, демонстрирања, поставување на прашања, проверувања и оценувања на постигнувањата на учениците, тој ги остварува целите на овој предмет со што ги поттикнува учениците на когнитивно, психомоторно и афективно однесување.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***сточарско производство*** се остварува преку стручно-теоретски предавања кои ќе се реализираат во училница, кабинет и лабораторија. Покрај теоретските предавања почесто да се изведуваат вежби на практични операции и работни задачи во сточарските објекти на училишните економии, сточарски фарми, рибници, пчеларници, ергели. Притоа, потребно е реализирањето на наставата да се остварува преку блок часови за вежби со учениците во групи, парови и индивидуално.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Ефикасноста на реализацијата на содржините од програмата е условена со користење на: графоскоп, компјутер, проектор, цртежи, слики, шеми. За успешно совладување на целите на наставната програма ќе се користи учебник, брошури од соодветната област, материјали од Интернет, наставен материјал подготвен од страна на наставниците. Дополнителна литература за наставници: стручна литература од областа на одгледување на различни видови на домашни животни, како и литература од областа на дидактиката.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите ученици преку разновидни форми и постапки: усни проверки, писмени задачи, тестови, проверки на домашни задачи, оценување на практичните способности на учениците при вршење на вежбите, практичните операции и работните задачи и сл.

Во текот на учебната година знаењата на учениците се оценуваат најмалку со две оценки во текот на полугодието, а се утврдуваат и полугодишни и годишни оценки.

Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на програмата, се постапува согласно законската регулатива за средно образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал содоветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставниот предмет ***сточарско производство*** ќе го реализираат наставници со завршени студии по:

- ***земјоделство - сточарска насока;***
- ***земјоделство - општа насока;***
- ***ветеринарство.***

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор за наставниот предмет

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата по ***сточарско производство*** треба да се реализира во училница, училница - работилница, кабинет и лабораторија, во сточарски и придружни објекти, рибник и пчеларник.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** март 2008 година

**7.2. Состав на работната група**

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Владимир Џабирски, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Горан Митевски, наставник во ССОУ „Киро Бурназ" - Куманово
4. Радојка Цветановска, ДООЕЛ „Млеко-Кооп" - Куманово

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***сточарско производство*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4721/10*** од ***20.06. 2008*** година.